# ЗА ПРВИТЕ ДОАЈЕНИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ



## Глигор МУРАТОВСКИ,

### професор и основоположник на македонската фтизиологија

*И покрај значителниот напредок во дијагностиката и третманот, туберкулозата останува една од најсмртоносните болести во светот во 21 век - СЗО*

Д-р Глигор Муратовски е роден на 22.3.1897 г. во с. Галичник, како последно од шест деца, во имотно сточарско семејство, од мајка Софија и татко Серафил Муратовски. Основно образование завршил во родното село, а гимназиско образование започнал во Солун во 1910 г. Во 1913 г. имал прекин поради балканските војни, кога морал да се грижи за нивната стока – околу 1.800 овци и 20 коњи. Продолжил во Американската гимназија во Самоков и во Скопје, каде што матурирал во 1918 г. Во есента 1918 г. започнал студии на Медицинскиот факултет (МФ) во Софија, а во март 1921 г. продолжил и дипломирал на МФ-Виена, во декември 1924 г. и бил промовиран како доктор на 30.1.1925 г. Во 1926 г. се вратил во Галичник каде што започнал привтна лекарска практика до 1931 г., кога се вработил во Хигиенскиот завод во Скопје – во антитуберкулозниот (АТД) диспанзер.

Во 1929 г. стапил во брак со Слоботка Најденова од Скопје, во кој брак се родиле две деца: Серафим/Фимчо, кој завршил Музичка академија во Загреб – диригентски отсек и е диригент и професор емеритус на Факултетот за музички уметности во Скопје, и Снежана, исто така, завршила Музичка академија во Загреб – пијано, сега живее во Белград со своето семејство.

Во 1947 г. д-р Глигор Муратовски бил назначен за вонр. професор, а во 1959 г. бил избран во редовен професор на МФ-Скопје. Основоположник е и прв директор на Клиниката за градни болести (1947-56) и на Институтот за туберкулоза (ТБЦ) (1956-61). Извршувал високи функции на МФ-Скопје и повеќе стручни и општествени функции на републичко и сојузно ниво во СФР Југославија. Бил декан на МФ-Скопје (1954-55 и 1958-60), а од 1958-59 бил претседател на Македонското лекарско друштво (МЛД).

Проф. д-р Глигор Муратовски почина во Скопје на 17.7.1976 г., во 79-та година од животот.

### Револуционерна дејност

Веднаш по матурирањето во бугарската гимназија во Скопје, во 1918 г., бил мобилизиран во бугарската армија во време на Првата светска војна, во артилериски полк во Софија и испратен на фронт во Ксанти (Скече), во Тракија. Од воената служба бил ослободен кога во есента 1918 г. положил приемен испит и започнал медицински студии на новоотворениот МФ-Софија. На 1.4.1941 г., само неколку дена пред нападот на Југославија, бил мобилизиран како воен лекар во болницата во Куманово и во истиот ден преместен во Крива Паланка, на кој начин го одминала опасноста од бомбардирањето во болницата во Куманово во следните денови. По десетина дена бил вратен на

**УРЕДУВА: Проф. д-р Дончо ДОНЕВ**
**e-mail: dmdonev@gmail.com**

*Медицинскиот факултет во Скопје, основан во 1947 г., одигра клучна улога во развојот на македонската медицина и образованието на медицинските професионалци, подобрување на лошата здравствена состојба на населението и целокупниот натамошен развој на здравствениот систем и обезбедувањето на здравствената заштита на населението во Р. Македонија. Придонесот на првите лекари-наставници во основањето и иницијалниот развој на Медицинскиот факултет во Скопје, во периодот 1947-1960 г. и потоа, беше од суштинско и непроценливо големо значење.*

*Во рубриката „За првите доајени на Медицинскиот факултет во Скопје"„Vox medici" ја продолжува традицијата за расветлување на историската улога и придонес на лекарите и други стручњаци-наставници во основањето на факултетот и во формирањето и/или развојот на одделни институти, клиники и катедри во новоформираниот Медицински факултет во Скопје во 1947 г. и во првите 10-15 години од неговиот развој.*

*Медицинскиот факултет во Скопје, Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија им должат неизмерна благодарност на првите лекари-наставници од Македонија и на оние кои дошле во Скопје од други републики во тогашната ФНР Југославија, посебно од Србија и од Хрватска, и од други земји во Европа, за нивниот ентузијазам и несебично залагање, професионална и академска работа и посветеност, и огромниот придонес во основањето и иницијалниот развој на Медицинскиот факултет во Скопје и развојот на медицината во Македонија, а со тоа придонесувале и за севкупниот културен и општествено-економски развој и во градењето на поновата македонска национална историја.*

*„Vox medici" ги повикува сите автори кои поседуваат лична документација и/или имаат интерес и наклоност кон проучување на расположливите архивски и други материјали, јубилејни публикации и стручно-научна литература, слики и документи за верификација на историските факти и случувања, да дадат придонес во оваа секција/рубрика со написи заради расветлување на поновата историјата на медицината и оддавање должна почит и признание на првите наставници на Медицинскиот факултет во Скопје и доајени на медицината во Македонија.*

служба во Хигиенскиот завод во Скопје. Во април 1944 г. бил мобилизиран од бугарските власти, како воен лекар во Воената болница „Полумесечина" во Скопје, а потоа во Воената болница во Битола, до ослободувањето во ноември 1944 г. кога се вратил во Скопје со привремената македонска влада и можел да го прибере своето семјство, кое било евакуирано во Катлановска Бања. Д-р Г. Муратовски секогаш симпатизирал и помагал прогресивни политички движења и организации. За време на окупацијата активно ја помагал НОБ, давал скришна и бесплатна лекарска помош на борци партизани, комунисти и илегалци осудени и прогонувани од окупаторските власти, а некои од нив и материјално ги помагал.



Проф. д-р Глигор Муратовски во својот кабинет, 1962 г.

## Лекар хуманист, наставник и едукатор

По дипломирањето на МФ-Виена, во 1925 г., д-р Г. Муратовски завршил лекарски стаж во Земската (Државна) болница во Скопје. Бидејќи како Македонец не можел да добие државна служба во Скопје, во јуни 1926 г. се вратил во родното место и започнал привтна лекарска практика и потоа, во февруари 1927 г., бил назначен за општински лекар во Галичник. Во почетокот на 1931 г. се вработил во Хигиенскиот завод во Скопје – во АТД диспанзер и станал првиот македонски фтизиолог (специјалист по ТБЦ).

Во 1947 г. бил избран за вонреден професор по предметот фтизиологија и тој бил еден од првите 19 наставници и основачи на МФ-Скопје. Во 1957 г. бил преизбран во вонреден професор, а во 1959 г. бил унапреден во редовен професор кога, исто така, хабилитирал со тема: „Туберкулозата во Македонија".

Проф. Г. Муратовски бил совесен и правичен раководител, истакнат педагог и едукатор, стручњак и научник со висок етички однос кон струката и клиничката работа. Неговата одговорност и педантност во работата биле широко познати и служел како пример на своите помлади колеги и соработници. Едуцирал повеќе десетици лекари - специјалисти по фтизиологија. Првите три асистенти по фтизиологија биле д-р Кирил Минчев, д-р Стојка Ќосева-Манчева и д-р Ристо Нановиќ. По пензионирањето на проф. Г. Муратовски во 1966 г., на 70-год. возраст и со 40 г. работен стаж, во Институтот за ТБЦ заслужено го наследил доц. д-р Кирил Минчев. Топло и срдечно се разделил со колегите и персоналот, но комуникацијата и соработката продолжила со учество на проф. Г. Муратовски на стручни состаноци и годишни собранија на Институтот за ТБЦ, како и на поважните состаноци, симпозиуми и конгреси на фтизиолозите на републичко и сојузно ниво во СФР Југославија.

## Иницијатор, организатор и општественик

Уште како млад лекар д-р Г. Муратовски се соочил со ТБЦ како најголемо национално и социјално зло во 1930-те години. За време на окупацијата и по ослободувањето бил шеф на АТД-диспанзерот во Хигиенскиот завод во Скопје и, во 1945 г., назначен за управител на Земската болница во Скопје, а потоа и како началник на Управата за антитуберкулозни установи при Министерството за народно здравје на НР Македонија.

Проф. Г. Муратовски бил назначен за прв директор на Клиниката за градни болести формирана од поранешното Одделение за градни болести на Земската болница во Скопје во 1947 г. На негова иницијатива, на 8 февруари 1956 г., Клиниката прераснала во Институт за ТБЦ на СРМ кој ја обединил куративната и превентивната служба за сузбивање на ТБЦ во цела Македонија. Во 1978 г. установата го менува името во Институт за градни болести и ТБЦ на СРМ, како врвна здравствено-научна и образовна институција за градни болести и ТБЦ и наставна база на МФ-Скопје. Проф. Г. Муратовски, исто така, бил назначен за в.д. шеф на Одделението за заразни болести во рамките на Клиниката за интерна медицина, во 1948 г. Извршувал високи функции на МФ и Универзитетот во Скопје. Бил продекан од 1951-52, а од 1954-55, 1958-60 г. бил декан на МФ-Скопје. Во учебната 1956-57 г. бил член на Универзитетскиот совет.

Д-р Г. Муратовски бил еден од основачите на МЛД во 1945 г., потпретседател од 1951-52 и претседател од 1958-59 г. Бил еден од иницијаторите и член на првиот Редакциски одбор на списанието „Македонски медицински преглед" (ММП) при неговото формирање во 1946 г. Бил еден од иницијаторите за одржување на Првиот конгрес на лекарите на Македонија во 1948 г., со главни теми за заразните болести и детската смртност во НР Македонија.



Претседателот на Црвениот крст на Македонија, г. Димче Зографски, врачува плакета на проф. д-р Глигор Муратовски, 1972 г.

Посебно се екстензивни неговите активности за сузбивање на ТБЦ на републичко и сојузно ниво во СФР Југославија. Бил основач и прв претседател на Секцијата за борба против туберкулозата при Црвениот крст на Македонија, од 1947-53 г., и на Секцијата на фтизиолозите при МЛД, од 1948-67 г. Во 1962 г. бил избран за претседател на Здружението на фтизиолозите на Југославија со мандат до 1967 г., а потоа за потпретседател, до 1972 г., и доживотен почесен член. Бил член на организациски одбори на повеќе конгреси и претседател на 13-от конгрес на фтизиолозите на Југославија, одржан во Охрид 1967 г. Од 1959-66 г. бил член на Сојузната комисија за борба против ТБЦ при Сојузниот завод за здравствена заштита во Белград.

Д-р Г. Муратовски бил член на првиот Главен одбор и на основачкото собрание на Црвениот крст на Македонија, одржано на 17 март 1945 г. Во 1949 г. бил избран за одборник на Народниот одбор на град Скопје и два пати му била доверена должноста управител на Работничкиот универзитет во Скопје, а на првите избори за народни пратеници, по ослободувањето, бил избран за заменик сојузен народен пратеник.

Кога д-р Г. Муратовски се вратил од Виена, по дипломирањето во 1925 г., неговиот татко Серафил веќе бил починат (1921 г.), а неговата мајка починала во 1926 г.. Во спомен на своите родители д-р Г. Муратовски, во 1928 г., подигнал убава чешма на местото на старата чешма Упија, близу до новата црква во Галичник. Тоа место е омилено собиралиште на жителите на селото и за полнење вода од страна на младите невести за време и по Галичката свадба, која традиционално се одржува на 12 јули секоја година.

## Придонес за развој на антитуберкулозната служба и сузбивање на туберкулозата во Р. Македонија

ТБЦ била посебно тешка болест со многу висока смртност во првата половина на 20-от век, особено во Галичник како сточарско - печалбарски регион со сезонска миграција на мажите, кои го напуштале селото во есен заради „гурбет" или презимување на стоката во потопли краишта. Некои од нив се враќале во Галичник во летниот период како тешко болни од ТБЦ и ги заразувале другите членови на своите семејства, во прв ред младите кои, во недостиг на БСЖ вакцинирање, биле помалку отпорни на таа болест. Било општо познато дека ТБЦ имала катастрофални последици во тоа време и наполно уништила повеќе семејства во Галичник.

По завршувањето на војната, ТБЦ била еден од најтешките здравствени и социјални проблеми во НРМ, со околу 30.000 болни и 5.000 умрени годишно, и околу 40% од изгубените работни денови поради ТБЦ. Во Македонија имало само еден АТД диспанзер во Скопје, еден помошен во Битола, 24 болнички кревети за ТБЦ во Земската болница во Скопје и 40 сезонски постели во манастирот во с. Љубанци (Скопско). По ослободувањето вакцинирањето против ТБЦ (бесежирањето) станало сé помасовно за децата и за млади лица до 18 год. возраст, а малку подоцна и законски задолжително. По ослободувањето д-р Г. Муратовски бил единствен лекар–фтизиолог во Македонија и главниот мотор и организатор на стручната и научно-истражувачка работа и активности за сузбивање на ТБЦ, вклучувајќи ги и БСЖ вакцинирањето, здравствено-воспитните акции и популарни предавања за запознавање на населението со проблемот на ТБЦ.

Д-р Г. Муратовски работел во АТД-диспанзерот при Хигиенскиот завод во Скопје и, како управител на Земската болница го водел Одделението за ТБЦ со 24 постели. Бил назначен и за началник на Одделот за борба против ТБЦ при Министерството за народно здравје во Скопје. Тие должности ги извршува сé до отворањето на МФ-Скопје, во 1947 г.,



Чешмата „Упија" во Галичник изградена од д-р Глигор Муратовски во спомен на неговите родители, 1929 г.

кога бил избран за вонреден професор по предметот фтизиологија и именуван како директор на Клиниката за градни болести. Во следните 20-тина години, до неговото пензионирање во 1966 г., проф. Г. Муратовски придонел за многу интензивен развој на АТД-службата и за едукација на голем број лекари - специјалисти по фтизиологија чиј број во Македонија тогаш изнесувал 44, бројот на лекарите на специјализација 8, и други 14 лекари кои работеле на тоа поле. Бројот на АТД диспанзери се зголемил на 22, а бројот на болничките постели за ТБЦ на 1.636, сместени и распоредени во една барака во кругот на Државната болница во Скопје, во 5 новоизградени одделенија за ТБЦ во Тетово, Охрид, Прилеп, Струмица и Куманово, во приспособени стари згради во Битола и Штип, во 3 специјални болници за ТБЦ (Лешок, Јасеново и Кратово), во една специјална болница за костозглобна ТБЦ во близина на Охрид како и во една болница за детска ТБЦ во Скопје. Тоа придонело бројот на болните од ТБЦ во 1965 г. да се намали на 13.042, а на умрените на 375. Соодветно на тоа се намалил и бројот на загубените работни денови поради оваа тешка болест.

## Научно-истражувачка и публицистичка активност

Една од основните задачи пред проф. Г. Муратовски била научната дејност, која се одвивала во форма на проекти, клинички истражувања и епидемиолошко-превентивна програмска активност. Напишал и објавил 22 научни трудови - 18 самостојни и 4 колективни. Учествувал со реферати на многубројни конгреси, симпозиуми и стручни состаноци. Имал воведни реферати на IV конгрес на лекарите од Македонија, одржан 1952 г. во Охрид, и на XIII конгрес на фтизиолозите на Југославија, одржан, исто така, во Охрид во 1967 г. Одржал повеќе стручни предавања на лекарските активи во Битола, Прилеп, Охрид, Струмица, Куманово и други, како и популарни предавања во колективите во фабрики и претпријатија во Скопје, Велес, Куманово и други градови. Напишал 5 популарни брошури и многубројни статии во разни списанија („Народно здравје") и во дневниот печат од областа на заштитата и лекувањето на ТБЦ. Бил долгогодишен член на Редакцискиот одбор на југословенското списание „Туберкулоза", како и на Медицинската енциклопедија на СФРЈ.



Деканот проф. Глигор Муратовски врачува диплома на д-р Владимир Цветанов, 26.2.1961 г.

Проф. Г. Муратовски, во 1961 г., напишал и издал скрипта „Фтизиологија" за студентите по медицина на МФ-Скопје.

## Признанија и награди

Во исклучителната личност на проф. д-р Глигор Муратовски биле вткаени чесноста, принципиелноста, ентузијазмот, хуманизмот и скромноста. Настрадал во сообраќајна несреќа како пешак во Скопје, на 16 јули 1976 г., и следниот ден од повредите трагично бил прекинат еден чесен и благороден живот. Но, зад себе тој оставил импресивно дело и неизбришливи спомени и сеќавања за еден од најсветлите ликови на македонската медицина. За својата забележителна долгогодишна хумана и плодна дејност добил многубројни одликувања и признанија. Меѓу нив поважни се: 3 ордени од претседателот на СФРЈ, Ј. Б. Тито, 3 пофалби и признанија од Институтот за туберкулоза на Македонија, Спомен-диплома за особени заслуги од МФ-Скопје, Повелба од Универзитетот во Скопје, Диплома од Сојузот на лекарските друштва на Југославија, Повелба од Собранието на Црвениот крст на Југославија, Јубилејна златна плакета и Златен медал од Црвениот крст на Македонија, Златен медал од Црвениот крст на Југославија по повод 100-годишнината од формирањето и многу други признанија.

**Проф. д-р Дончо Донев**

## ЛИТЕРАТУРА


1. Donev D, Polenaković M. Contributions of the doctors from Macedonia to the establishment and initial development of the Faculty of Medicine in Skopje, R. Macedonia. Prilozi-Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA 2012;33(2): 239-77. Available at: http://www.manu.edu.mk/prilozi/2012_2/20d.pdf
2. Малеска-Ивановска В, Жантева-Наумоска М, уредници. 60 Години Медицински факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: 1947-2007. Медицински факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 1997: 192.
3. Муратовски Г. Автобиографијата на докторот од Галичник. Vox Medici 2008; 16(58): 24-8.
4. Муратовски Г. Фтизиологија. Универзитет во Скопје, 1961: 60.
5. Р. Проф. Д-р Глигор Муратовски – In memoriam (1897-1976). ММП 1977; 31(1-2):153-5.
6. Неубауер Р, Каракашевиќ Б, Никетиќ Б, рецензенти. Реферат за избор на редовен професор по предметот фтизиологија (Глигор Муратовски) на МФ-Скопје. Билтен на Универзитетот во Скопје бр. 17, февруари 1959: 1-4.
7. Ристовски Б, Главен и одговорен уредник. Македонска енциклопедија, Дел II. Македонска академија на науките и уметностите. Скопје, 2009: 998.
8. Тофоски Ј, уредник. 60 години Македонско лекарско друштво 1945-2005. МЛД, Скопје, 2008: 378.